UDC 316.774:792

# НОВИТЕ МЕДИУМИ КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА ТЕАТАРОТ

Ана Стојаноска
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

*Апстракт:* **Театарот како најстар медиум долго време го држеше приматот на најмасовен и најреспектиран медиум во културолошката практика. Моќта на театарот како медиум е непосредниот допир со публиката и можност за остварување взаемна интеракција. Поради тоа, долго време театарот беше и користен како најкорисен медиум. Меѓутоа со доаѓањето на новите медиуми, посебно во текот на XX век, со појавата на телевизијата, видеото, и најпосле со интернетот, на театарот му стана тесен сопствениот израз и требаше да се размисли што и како понатаму. Од една страна, создавањето театар во рамки на својата модулативност – сцена – кутија, драмски текст, актери што играат режисерски концепт, и од друга, театар што ќе „кокетира“ и со новите медиуми.**

**Моето истражување ги следи двете линии на создавањето театар во XXI век, на кој начин театарот ја задржува својата изразност, но и на кој начин може да ги користи современите медиуми и да проектира нови театарски форми.**

**За таа цел ја користам современата театролошка литература и правам анализа на некои од доминантните театарски појави на нашето време. Преку систематичен преглед на некои од актуелните форми на современиот театар, може да се покаже идејата за тоа каков театар има и каков театар ни треба во новото време. Истражувањето се фокусира на поимањето на театарот како медиум и на начинот на кој тој оперира и кореспондира со другите медиуми на XXI век.**

*Клучни зборови:* **театар, современ театар, интернет театар, медиуми, македонски театар**

## I. ТЕАТАР, ПОЧЕТОКОТ

Во една од основните книги за театар, напишана од еден од најголемите режисери на минатиот век, Питер Брук/Peter Brook, „Празен простор“/„Empty Space“, на својот едноставен јазик, полн со мудрости, тој вели „може да го земам кој било празен простор и да го наречам отворена сцена. Човек чекори низ овој празен простор додека некој друг го набљудува и тоа е се што е потребно за создавање на еден театарски настан“ (Брук, 1995:7). Ако го дефинираме театарот на еден човек што игра и еден што го гледа, може да се направи огромна мрежа на тоа што сѐ е театар. А посебно на тоа што сѐ е театар денес. Еден човек што игра ѝ е тука да ни ја пренесе илузијата или поточно да ја отвори нашата можност за замислување/копнеење и еден што тоа ќе го гледа и пресоздава во својата рецепција, а притоа нивната комуникација ќе биде взаемна и посветена на тоа да се соз-

даде нов свет, е исклучителен феномен, уметност и медиум чија цел е да се пренесува и комуницира. Театарот е место на кое нашите соништа, визии, тези, тенденции може да станат стварност. И место каде илузијата е поставена и претставена да биде остварување на еден цел свет.

## II. Театарот како медиум

Од самото институционализирање на театарот во античкиот свет, театарот бил препознаен и (ис)користен како медиум. И тоа најмоќниот и најсилниот медиум во тоа време. Театарот е местото што дозволува да се создаде магијата и да се поверува во невозможното. Имајќи предвид дека античкиот грчки театар го гледал масовна публика тој е најстариот и најреспектираниот масовен медиум, воопшто. Неговата моќ се гледа во непосредниот допир со публиката и во можноста да се оствари взаемна комуникација со публиката. Неговите можности се големи. Со тоа што се говори пред публика од 5000 до 35000 луѓе, постои огромна можност да се проговори за тоа што треба јавно да е осознаено. Неслучајно, можностите на античкиот театар ги препознале тогашните владетели, тирани, кои го финансирале античкиот театар и одржувањето на Дионизиските свечености. Освен големите можности кои театарот ги стекнувал во текот низ вековите, треба да се детерминираат и неговите ограничености како медиум. Театарот зачнат во пратеатарските форми, од праисториските, митските, ритуални облици, се етаблира во силен медиум. Овие скоро дваесет и шест векови во кои постои како канонизирана форма на уметност постојано доминира со својата вонредна моќ да се комуницира со масовната публика. Долги години тој и беше единствениот медиум за масовна култура. Сè до пробивањето на печатот, радиото, телевизијата, а најмногу со продорот на интернетот од деведесеттите години на минатиот век до денес, театарот важеше за уникатен медиум, а со тоа поседуваше и сопствен привилегиран статус. Таквиот статус е лесно објаснив. Публиката што го гледа светот што го создава човекот што чекори, од почетните фрагменти на текстот на Питер Брук, е поврзана со клучниот емотивен топос – што наследниците на Аристотел го дефинираа како катарза. Ако поврзува со *моќта на идентификацијата и препознавањето,* преку *катарзата/чистењето на емоциите*, па се до креацијата и потенцијалниот нов свет што го создава, тогаш театарот успева на силен начин да комуницира со својата публика. Неговите есенцијални медиумски својства се препознаваат насекаде низ светот. Човекот создал нешто што му е иманентно и лично – да прави приказни и да ги прикажува. Со тоа, театарот е совршен медиум за масовна комуникација.

Но, текот на нештата низ историјата, посебно низ историјата на уметностите, покажува дека не може да се задржи уникатноста на еден медиум. Дека во однос на таа неверојатна човекова способност, постојано да се трага по ново и уште подобро, театарот послужил како база за надградба, поточно, како иницијална каписла за создавање на уште подобри и помоќни медиуми. Ова тврдење го дефинирам според личните истражувања на феноменот театарот како уметност и според историјата на театарот и неговата поврзаност со другите уметности и медиуми.

## III. Медиумите во новиот век

За да може полесно да се анализира влијанието на театарот како медиум во минатото и денес, треба да се направи преглед на денешните медиуми, посебно на медиумите што се масовни и широко распространети. Печатот, радиото, телевизијата, филмот, а пред се, интернетот и неговите неограничени можности се примарната точка на овој дел од анализата. Секој од нив има одредена линија на развој и нуди различна позиција за масовизација на медиумот. Печатот ја има моќта преку пишаниот збор и можноста да се распространи широко. Со појавата на печатените медиуми, информацијата станува подостапна и за разлика од театарот не води потекло од уметничка форма, туку од стварноста. Пишувањето за одреден настан, во даден момент – овде и сега, му донесе моќ на печатот да доминира во однос на ширењето на информацијата и во однос на комуникацијата со широката публика. Радиото преку кажаниот збор и слушнат насекаде, со тоа што не ја ограничува публиката да седи на едно место, туку е постојано присутно и е доволен само еден инструмент/апарат за истото да се следи, понуди нова достапност до информацијата. Публиката на овој начин комуникацијата ја создава со личен избор. Таквиот начин на комуникација продолжи со создавањето на телевизијата како медиум и нејзината широко достапност и едноставност во креирањето на јавното мислење. Меѓутоа, највисокиот дострел во однос на достапноста и пристапноста ја понуди интернетот. Интернетот нуди неограничени можности, информација достапна во делче од секунда, следење на активноста во истиот момент на случувањето, како и создавањето на сопствен избор од информации кои и понатаму може да се проследуваат преку денес актуелните социјални мрежи. Секој од овие медиуми се користи од сите во зависност од примарните потреби. Културата нив ги користи во однос на сопствената идеја и потенцијал за ширење на уметноста и сите други културолошки феномени. Масовната комуникација и улогата на медиумите денес е постојано истражувана и анализирана. Така што освен примарната потреба да се искористи медиумот во лична цел, во него се препознава и неговата сила и моќ да се влијае и да се менува и креира јавното мислење. „Можеме и на друг начин да го проследиме тој аргумент, вели Џејмс Кери/James W. Carey во својата книга *Комуникацијата како култура/Communication as a Culture*. Кога популарните форми како идеологијата влезат во проучувањето на масовната комуникација, вообичаено се третирани како сила или како функција" (Carey, 1988:51). Ако тоа го пренесеме на полето на театарот, за разлика од сите други претходно споменати медиуми, но и како дел од културата, ќе видиме дека силата во неговата медиумска атракција е во однос на неговата базична функција да се комуницира со голема група луѓе. Дефинитивно на театарот може да му се признае идентификацијата на мас-медиум. Во претходно споменатата книга, американскиот теоретичар прави редефинирање на термините мас и медиум, на кои што освен номиналното значење им го потенцира значењето на моќта со управувањето со поголема група на реципиенти. На тој начин, може да се каже дека театарот се до појавата на големите/мас медиуми на новиот век го држеше приматот на некој што најмногу и најмоќно комуницира со голема група на

луѓе. По дефиниција, театарот еден подолг временски период беше единствениот масовен медиум.

### IV. Насоки

Да може полесно да се елаборира односот на театарот и новите медиуми, потребно е да се даде краток преглед на тоа што и каков е традиционалниот наспроти современиот театар. Традиционалниот театар подразбира сцена – кутија, драмски текст, актери што играат режисерски концепт и доминантен режисер – автор на текстот на претставата. Традиционалниот театар најчесто се поврзува со институционалните театарски институции, посебно со националните театри и нивната репертоарска политика. Во денешно време, традиционалниот театар од современите и модерни медиуми презема само елементи што ќе ја подобрат постапката на техничко и изведувачко ниво.

За разлика од него, новите медиуми се користат и имплементираат во претставите на современиот театар на најразлични начини, се претендира кон постдрамскиот и пострежисерскиот театар и се прави обид да се растури/деконструира традиционалната театарска форма. Дури и основните театарски просторни и изразни средства се модернизираат и на тој начин се променува и актерската игра и режисерскиот концепт.

Како што тоа го напомена Ханс Леман/Hans Lehmann во книгата „Постдрамски театар"/-Postdramatisches theater, театарот не е она што се подразбираше со векови, туку се отвори кон новите перспективи, се потенцира неговата авторефлексија, декомпозиција и се одвојуваат елементите од драмскиот театар. Во ова истражување, паралелно се анализираше и постдрамскиот и пострежисерскиот театар како актуелни современи театарски модели. Постдрамскиот театар се темели на постапка која не и служи на драмата ниту се развива во просторот кој е поставен како почетен. Во овој театарски модел се користат новите изразни средства и се променува идејата за тоа што е конвенционален театар и како тој треба да комуницира со публиката. На публиката и ја нуди својата визија и својот поглед на свет, а публиката треба или да го прифати или не, таквиот начин на презентирање на стварноста. Клучните топоси се присутност и реакција, кои подоцна може да се трансформираат во однос на актерската игра и изведба, но и преку останатите компатибилни чинители на театарската претстава. Публиката гледа став, што може да го протолкува на свој начин. Комуникацијата е водена со помош на посредник, а не е директно поставена како во традиционалниот театар.

Во пострежисерскиот театар, се деструира идејата за режисерот како автор на претставата и се поставува колективното авторство како доминантно. Во однос на комуникацијата со публиката, овој тип на театар, пренесува сопствен модел на игра кој што овозможува повторно комуникација и тоа пак посредна, но со тоа што испраќачот не е еден (режисерот) туку повеќемина. На тој начин се прави мрежа од комуникациски канали што на гледачот му овозможуваат избор за тоа што ќе преземе и прифати. Се разбира дека и овде, античката катарза нема да биде причината за масовноста на публиката, туку се ќе оди преку директниот став (најчесто и политички) на авторите на претставата.

Имајќи ги предвид овие аргументи логично е да се истражува на каде оди и како комуницира театарот со новите медиуми во рамки на новата, т.н. виртуелна култура.

## V. ТЕАТАРОТ И НОВИТЕ МЕДИУМИ

Од новите медиуми, интернетот е најдоминантен денес. Неговата достапност, прифатливост, широка распространетост, придонесуваат за освестување на можноста за развој на виртуелната култура и создавањето на виртуелен свет во кој информацијата е достапна во мигот на објавувањето. „Без разлика дали е во прашање филмот, телевизијата, радиото или интернетот, практично секое средство за комуникација кое се заснова на технологијата, вели американскиот комуниколог, Стивен Џонс/Steven Jones, во својот текст „Интернетот и неговото општествено опкружување“, „порано или подоцна ќе се смета за ,револуција“. (Džouns, 2001: 17) Она што е важно за медиумите е нивната револуционерност, продорност во дотогаш затворените аспекти на културата и добивање на ново место за истражување. Најподложен за тоа е интернетот. Интернетот, најмногу од сите медиуми ја покажа старомодноста на театарот и неговата нефлексибилност. Она што е револуција во однос на интернетот ја покажа слабата страна на театарот. Затоа и денешните театарски автори прават обиди да го сменат тоа и да создадат ново лице на театарот. Интернетот, всушност ги отвори сите перспективи на добивање на информација на фаталното *овде и сега*, наспроти останатите медиуми кои се ограничени од сопствените изразни средства, посебно театрот. Создавањето на виртуелна култура, поточно на виртуелна заедница ја покажа аномалијата на театарот, неговата ограниченост во однос на комуникацијата со уште поголем број на реципиенти. Иако интернетската комуникација на почеток е само текстуална, сепак уште тогаш покажува кои се ограниченостите на театарот како медиум. Со тоа што се развива мрежа од податоци и истите се достапни за секој член на виртуелната заедница, се создава можност за отворен пристап кон информациите. Театарот за разлика од интернетот зависи од својот простор, од оној фамозен празен простор на Питер Брук, од почетокот на оваа моја студија.

Без разлика дали е во спрега со радиото, печатот, филмот, телевизијата, интернетот или било кој друг медиум, театарот се обидува да создаде своја форма која ќе ја прилагоди на новите медиуми, но сепак нема да се откаже од својата базична, онтолошка функција која ја има зачнато векови и векови пред кој и да е од овие нови медиуми.

Театарот, всушност, во доменот на медиумите треба да се анализира во однос на заедница, па на тој начин да се истражи неговото место напоредно со другите медиумски заедници. Имајќи го предвид ова, треба да се консултира трудот на Џен Фернбак/Jen Fernback, американска теоретичарка која го истражува интернетот како виртуелна заедница. Во нејзиниот есеј „Поединецот во колективот: виртуелна идеологија и реализација на колективните принципи“ (Fernbak во Džouns, 2001: 661-90), таа ја поставува виртуелната заедница како колектив и го анализира поединецот во тој колектив. Овој есеј е интересен за оваа анализа, затоа што е во тесна врска со теоријата на рецепцијата и го покажува несразмерниот однос на поединецот

во театарот (театарот како колектив и во начинот на креирање и во начинот на восприемање) и на поединецот во интернетската заедница. Таа смета дека постои меѓу учесниците во кибер просторот, точно одредена свесност за нивната припадност на заедницата. Оваа заедница која е бројно надмоќна во однос на заедницата на театарот комуницира и соработува на сопствен начин. Во таквиот начин на комуникација се гледа слабоста на театарот како медиум. Но, тоа театарот не го ограничува. Напротив само го инспирира и иницира кон промени. Што е тоа што ќе преземе театарот од другите медиуми, покажува и на кој начин, театарот во ова ново време ја трансформира својата номинална, примарна естетика.

## VI. Изразните средства од другите медиуми што ги користи театарот

Со појавата на секој медиум посебно, театарот презема некои од нивните изразни средства за да може и да биде современ и во тек со современите културолошки трендови, но и да може да ги испита своите основни елементи. Направената листа што следува е само личен обид да се вивисецира релацијата театар и нови медиуми во однос на изразните средства. Од новите медиуми театарот последователно ги презел овие изразни средства:

- *Снимени гласови*
- *Снимки прикажани на видео бим*
- *Користење на некоја телевизиска алатка*
- *Играње на актерот како пред камера*
- *Глас преземен од некој радио водител*
- *Заедничка игра меѓу снимениот и прикажаниот материјал*
- *Онлајн театарски изведби*
- *Користење на социјалните мрежи во претстави, промоции на претстави, но и поставување на видео од претстава на мрежата*

Секое од овие изразни средства, а и оние што не се наброени, му помагаат на театарот да ги отстрани своите лимити во однос на новите медиуми да се држи во тек со современието. На тој начин се развиваат и опциите за преформатирање на театарот и за создавање на нов тип на театар за новото време.

## VII. Опции за преформатирање на театарот

Соочен со масовната доминација на денешните масмедиуми, како и соочувајќи се дури и со голема закана во естетски аспект, од страна на филмот, денешниот театар се преформатира со помош на новите медиуми. Може да се рече дека ги користи новите медиуми и технологијата, наместо да „потклекне“ на нивната доминација. Ова тврдење го докажувам со следењето на репертоарот на доминантите светски театарски институции денес. Ако се направи преглед на тоа што е актуелно на светските театарски сцени, поспецифично на европските и северноамериканските сцени, посебно оние на институционалните и/или националните театри, ќе се види дека и во однос на изборот на темите (драматизацијата на големиот филмски хит *Господар на прстените*, на сцената на Лондонскиот Вест Енд, светот на Дизни поставен на сцените на Бродвеј) и во однос на технолошката искористеност на сцената (користење на 3Д технологи-

јата во проекциите за време на изведбите, амалгам од традиционална игра и видео проекција, сцена на која се движи секој елемент, а актерите може да левитираат, летаат, со помош на технички средства кои ја прават илузијата уште помоќна), современиот театар се преформатира со помош на искуствата и изразните средства од новите медиуми.

Европскиот и северноамериканскиот театар претендира да биде современ, актуелен и да ги користи сите привилегии на ововремената технологија и медиумите. Тоа не значи дека театарот во другите делови од светот не претендира кон современоста, туку дека станува збор за различен театар и во однос на формата и во однос на апликацирањето на современите театарски модалитети. Затоа можеби е подобро да се акцентира дека предмет на истражување на овој труд беше европскиот и северноамериканскиот театар.

Современиот театар што се игра на овие сцени денес ја осовременува традиционалната сцена – кутија, ги користи сите нови технолошки инструменти, а со тоа и ја осовременува својата сцена и начинот на кој се создаваат претставите. Се разбира дека во овој пример станува збор за сите оние театарски институции кои го креираат театарот како спектакл и кои се обидуваат да ја фасцинираат публиката.

Користењето на современите медиуми денес, театарот го практицира и преку емитувањето во живо и снимањето на претставите. Оваа практика ја држат најголемите театарски институции, како големите бродвејски претстави или претставите на најголемите европски театри. Во големите комплексни кино сали што се денес мошне популарни и актуелни, маркирани во актуелниот филмски репертоар се и емитувањата во живо и пренесувањето на премиерите или големите театарски претстави. Тука станува збор и за драмските и за оперските и за балетските претстави. Познато е дека и кај нас се емитуваат претстави во живо, од големата Миланска Скала или пак балетските претстави на познатиот Бољшој Театар.

Секој од овие примери само ја докажува потребата на театарот да се носи со новото време. Најпрогресивниот таков пример е создавањето на таканаречениот *интернет театар.*

## VIII. ИДЕЈА ДА СЕ НАПРАВИ ИНТЕРНЕТ ТЕАТАР

Уште со создавањето на интернетот, масовната мрежа за комуникација, се појави и идејата за создавање на интернет театар. Но, пред да се оствари таа идеја, интернетот се искористи за неколку позиции:

1. *Прикажување на претстава on line* – како што беше претходно напоменато, оваа можност е првата што е искористена. Претставата се пушта или преку популарните канали за видео проекција (*youtube, vimeo* и др.) или преку интернет портал на кој е вградена апликација за видео прикажување.
2. *Играње на претставата според назнаките на публиката што е вклучена on line* – следниот чекор е вклучувањето на гледачот во изведбата, со интерактивни алатки. Секој гледач може да се вклучи во конструирањето на претставата, поточно да бира што ќе гледа од она што му е понудено. Во овој топик треба да се спомене и користењето на интернетот во процесот на прикажување на претставата со вклучување и на телефонска или

друга комуникациска алатка за да може авторите на претставата да го вклучат и гледачот или да изведуваат претстава за конкретниот гледач. Тука би ја споменала претставата *Call Cuta* на познатиот проект *Римини Протокол.* (за повеќе може да се провери на http://www.rimini-protokoll.de/website /en/project_2766.html)

*3. Вклучување на неколку платформи за да се направи претстава комплетно во живо и да се прикажува во мигот низ целата мрежа (skype, google, blog, youtube...)* – ова е најрадикалната, но и најновата идеја за осовременување на денешниот театар. Со помош на интернетот, но и на програмерите и креативците од другите области на новите медиуми, театарот претендира да создаде претстава која ќе ги вклучува и гледачите во процесот на креација, но и активна рецепција на претставата. Во прилог на ова ги посочувам следните примери:

3.1. *http://mashable.com/2012/03/24/new-paradise-laboratories/* - оваа иновативна театарска трупа од САД, се обидува да ги вмрежи денешните популарни социјални мрежи (facebook, twitter, skype) и да создаде претстава која ќе се одвива во меѓупросторот на традиционалната сцена и сајбер/кибер просторот.

3.2. *http://www.thenational.ae/lifestyle/internet-theatre-immersive-real-time-shows-with-actors-from-all-over-the-world* - идејата на овој тип театар е да се респектира гледачот и неговите потреби, со тоа што се создава претстава на лице место, во реално време и според назнаките и на гледачите, но и на актерите од цел свет.

3.3. *http://pitpodcast.blogspot.com/ (PRETENTIOUS INTERNET THEATRE)* – е можеби најинтересен за истражување затоа што се води од идејата да се коментира современата култура и истата преку поставувањето на својот личен став да се презентира на мрежата.

Се разбира дека ова не се единствените примери и дека нив ги има многу и се различни. Но, во корист на фокусирањето на тематиката на ова истражување се задржав само на овие. Секој од овие примери ги покажува нивните заеднички карактеристики:

- *Достапност*
- *Поврзаност*
- *Распространетост*
- *Активираност*
- *Мултиидејност*

На тој начин се позиционираат сите елементи кои му недостигаа на театарот со текот на пробивот на новите медиуми и се користат во процесот на создавањето на претставата.

## IX. Од другата страна

Новите медиуми не му помагаат на театарот само во креативниот процес. Тие се користат и во истражувањето на театарот. Следењето на денешниот театар, анализата на креативниот процес, како и влијанието на театарот денес, гоползува и театрологијата со помош на новите медиуми. Истражувањето на театарот станува поедноставно и со неограничени можности благодарение на оновремените медиуми. Се создаваат дигитални театролошки и театарски дата бази кои се достапни на интернет и кои имаат за цел да помогнат во процесот на истражување на театарот. Тука би ги споменала големите и познати бази – театарската дата база: http://www.theatredatabase.com/, дата базата

на Бродвеј http://www.ibdb.com/, потоа дата база што ја уредуваат гледачите ширум светот http://www.theatredb.com/, дата базата на Велика Британија http://www.theatrestrust.org.uk/resources/theatres/about-the-database и уште многу други. Тука би ја споменала и театролошката дата база на Институтот за театрологија при ФДУ на која работев повеќе од десет години и која беше пионерска на овие простори. Во неограниченото интернетско поле постојат уште огромен број на дата бази.

Освен создавањето на дата бази, поставувањето на информации значајни за театарските претстави на интернет, како и олеснувањето на истражувањето на театарот од страна на новите медиуми, може да се додаде и користењето на снимениот материјал кој е поставен на интернет, во однос на релацијата *истражување на театар – нови медиуми.*

Секој од овие елементи придонесува за создавање на нов театар и тоа театар што ќе чекори во однос на новото време.

## X. Македонски контекст

Правењето на едно вака големо истражување не би имало смисла без да се вклучи и македонскиот контекст. Бидејќи предмет на мој интерес е и македонскиот театар би сакала на кратко да позиционирам неколку клучни топоси во однос *современи медиуми – македонски театар:*

- *Македонскиот театар полека но, сигурно се поврзува со медиумите и ги користи.*
- *Снимање и дигитализација на претставите*
- *Користење на снимки во претставите*
- *Користење на видео технологијата во претставите*
- *Користење на современите медиуми во претставите*

Со отворањето на новата театарска зграда на Македонскиот народен театар, но и со осовременувањето на техниката и технологијата во другите национални институции и македонскиот театар почнува да комуницира со новите медиуми и да ги ползува нивните придобивки. Новата сцена на МНТ преку неколку премиерни претстави ги покажа своите огромни технички потенцијали, кои може да се сметаат за репрезентативни во современиот македонски театар. На македонскиот театар може само да се заклучи дека му недостига интригантен, нов, револуционерен пристап во однос на режисерската постапка. Истовремено треба да се нагласи и алтернативната сцена која се обидува да се пробива во однос на користењето на новите медиуми. Меѓутоа, тоа би било предмет на некое друго истражување.

## XI. Нешто како заклучок

Театарот е еден од најинтересните и најиновативните медиуми. Неговиот креативен потенцијал е неограничен. Создавајќи театар денес може само да се смета на користењето на новите медиуми и во однос на креативниот потенцијал, и во однос на техничко-технолошкиот напредок. Она што сакам да го нагласам е дека секогаш во театарот ќе постојат неколку струи, секогаш театарот ќе се подразбира и како средство, медиум за масовна комуникација и можеби секогаш ќе ги пропагира неколкуте различни дефиниции за тоа што е театар.

Меѓутоа, во однос на досега истраженото, може да се заклучи дека иако „тромаво", понекогаш задоцнето, театарот има способност да се прилагодува и да ги користи новите медиуми, но никогаш повеќе нема да го држи приматот на најголем мас медиум, како што тоа било наназад низ вековите. Театарот има способност да се менува/преформатира за да биде привлечен како новите медиуми. Најважното што треба да се акцентира од ова истражување е дека театарот развива нови театарски форми кои се инспирирани од новите медиуми. Но, за тоа треба да се остави историјата на театрот да ја потенцира нивната важност и валидност и истите подоцна дополнително да се истражуваат.

## Литература

[1] Аристотел, За поетиката, Скопје, Култура, 1990.Брук, Питер, Празен простор, Београд, Лапис, 1995.
[2] Lehmann, Hans-Thies, Postdramatic Theatre, London and New York, Routledge, 2006.
[3] Džouns, Stiven, ur. Virtuelna kultura, Beograd, Čigoja štampa, 2001.
[4] Carey, James W., Communication as a culture, essays on media and society, Boston, Unwyn Hyman, 1988.
[5] http://mashable.com/2012/03/24/new-paradise-laboratories/
[6] http://www.thenational.ae/lifestyle/internet-theatre-immersive-real-time-shows-with-actors-from-all-over-the-world
[7] http://pitpodcast.blogspot.com/
[8] http://www.rimini-protokoll.de